**Порака за Меѓународниот ден на танцот 2018 - Азија и Пацификот**

**Вили Цао, Хонгконг**

**Основач / Уметнички директор на *City Contemporary Dance Company* и *Beijing Dance*.**

Драги пријатели на меѓународната танцова заедница,

Се чини дека светот е во константна состојба на протести и немири. Особено во последниве години сведоци сме на непрекинливи конфликти меѓу земји, раси и култури. Како танчер, не можам а да не се запрашам дали можеби уметноста може некако да биде противотров за сето тоа и да ги спречи или да им се спротивстави на нередите кои се закана за светскиот мир и хармонија.

Уште од доцните 1980-и го промовирам танцот во Кина, обидувајќи се да ја убедам јавноста таму дека танцот, особено современиот танц е важен за развојот на земјата. Верувам дека трите суштински аспекти кои го карактеризираат современиот танц - индивидуалниот израз, иновативните идеи и студијата на човековата состојба, служат како темелни градежни блокови на еден вредносен систем врз кој што модерна Кина ќе продолжи да расте и да цвета.

Стремејќи се кон одличност во современиот танц ние го цениме индивидуалниот израз, па така учиме да ги почитуваме различните мислења и диверзитетот. Ја цениме потрагата по иновативни идеи, па оттука ги прифаќаме промените и подготвени сме да се адаптираме на нови начини на живеење.  Ја цениме потребата за разбирање на актуелните случувања и проблеми како начин да се студира човековото постоење, затоа стануваме потолерантни и разумни кога се соочуваме едни со други без разлика на нашите различности.

Кина, слично на повеќето земји во Азија и Пацификот, ужива во богато културно наследство. Сепак земјата со децении беше затворена кон остатокот од светот и почна да се отвара дури во 1978 преку нејзината реформација и отворена политика, пред точно 40 години. Секако, уште долг пат не очекува пред јавноста во Кина да ја разбере

и почитува во поголема длабочина вредноста на современиот танц.  Од друга страна, го забележувам појавувањето на феноменот кој претполага дека младите луѓе во Кина се заинтересирани за уметничката форма на современиот танц и ја користат како медиум за само-изразување. Оттаму, со сè повеќе конекции со меѓународни заедници и посилни меѓусебни размени на полето на современиот танц, убеден сум дека Кина забрзано ќе стане значајна сила која ќе застапува индивидуални мислења, залагајќи се за иновативни промени и негувајќи толеранција и разбирање меѓу нациите во овој немирен свет.

Ви благодарам.

**Вили Цао**, како кореограф, едукатор, куратор, менаџер и директор е влијателна фигура во развојот на кинескиотот модерен танц. Роден и образован во Хонгконг, тој својата обука по модерен танц ја стекна во САД, а во Хонгконг магистрираше во полето на бизнис администрацијата. Во 2000 беше именуван за почесен член на Хонгконгшката академија за изведбени уметности, а во 2015 доби и почесен докторат.

Како пионер во современиот танц во Кина и Хонгконг, Цао ја основа првата и единствена професионална компанија за современ танц *CCDC* во Хонгконг во 1979, а улогата на уметнички директор ја има од 1989. Во копнена Кина, Цао беше учител и советник во Програмата за модерен танц во танцовата школа во Гуангдонг, од 1987 до 1992 и беше назначен за уметнички директор на првата професионална компанија за модерен танц, Гуангдонг компанијата за модерен танц, кога таа беше основана од провинциската влада на Гуангдонг во 1992. Во 1998 си замина од групата за во 2004, на покана од Бирото за култура на Гуангдонг, повторно да ја завземе истата позиција се до 2016. Во Пекинг, од 1999 до 2005, Цао работеше и како уметнички директор на тамошната компанија за модерен танц. Во 2005 тој ја воспостави првата независна професионална компанија за модерен танц во Кина, *Beijing Dance* / *LDTX*. Покрај тоа, Цао често предава и држи работилници на универзитетите и танцовите групи од поголемите кинески градови вклучувајќи ги: Пекинг, Чангша, Дакинг, Фуцху, Гуангцу, Гуијанг, Хефеј, Хохот, Кунминг, Нанчанг, Нанинг, Шангај, Таијуан, Урумчи, Вухан и Чаимен.

Неговиот придонес кон танцот е широко признат. Има добиено и бројни награди и одликувања вклучувајќи ги: Наградата за танчер на годината, за 1988, што ја доделува Здружението на уметници на Хонгконг, наградата *Десет исклучителни млади лица* во 1990, орден на честа од Нејзиното кралско височество кралицата Елизабета II, во 1993, Луис Картие нарадата за одличност - за исклучителен кореограф, во 1998. Во 1999, му беше доделена Бронѕената Бахуниа ѕвезда од страна на владата на специјалниот административен регион Хонгконг. Во 2014 ја доби и Наградата за особено достигнување во рамките на Хонгконгшките награди на полето на танцот за неговото огромен и непроценлив придонес за танцот во Хонгконг.

Од 1980 до денес, Цао има созададено повеќе од 60 значајни дела, вклучувајќи ги: *Bird Songs, Kunlun, China Wind-China Fire, 365 Ways of Doing and Undoing Orientalism, Wandering in the Cosmos, One Table N Chairs, Sexing Three Millennia, Dao: Extraordinaire, Conqueror, Warrior Lanling* и *In Search of the Grand View Garden*. Негови кореографии се поставувани во Канада, Франција, Германија, Израел, Јапонија, Кореа, САД, како и во Пекинг, Шангај и Тајпеј.

**Превод:** Кристина Пешева – Диновска